Врз основа на член 157 точка 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19 и 31/20), и член 24 од Законот за сметководтсво на Буџетот и буџетските корисници („Службен весник на РМ“ бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на ден 27 февруари 2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2019 година

Член 1

Се усвојува Завршната сметка на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2019 година (во натамошниот текст: Фонд), со следните приходи и расходи:

**во денари**

| | **Планирани** | **Остварени** |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | **73.372.110.000,00** | **75.915.527.312,00** |
| Пренесени средства од 2018 год. | | **1.661.704.546,00** |
| Вкупни расходи | **73.372.110.000,00** | **73.122.443.447,00** |
| **Вишок на приходи** | | **4.454.788.411,00** |

Член 2

Планираните и остварените приходи по извори и видови на приходи и извршените расходи по основни намени се утврдени, и тоа:

| Шифра | ВИД НА ПРИХОДИ ОДНОСНО РАСХОДИ | РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ 2019 ГОДИНА со пренамени | ОСТВАРЕНО ВО 2019 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ** | **73.372.113.000,00** | **75.915.527.312,00** |
| | **ИЗВОРНИ ПРИХОДИ** | **42.735.000.000,00** | **43.305.754.386,00** |
| 712 | **Придонеси од плати за социјални фондови** | **41.414.000.000,00** | **41.927.132.070,00** |
| 712111 | Придонес од добивка за ПИО за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 481.000.000,00 | 490.251.702,00 |
| 712113 | Придонес од плати за ПИО за работници кај правни лица | 36.314.180.000,00 | 37.266.008.085,00 |
| 712114 | Придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 129.290.000,00 | 0,00 |
| 712116 | Придонес за ПИО на физички лица кои вршат самостојна дејност | 728.850.000,00 | 902.148.859,00 |
| 712117 | Придонес за продолжено пензиско и инвалидско осигурување | 26.860.000,00 | 19.504.270,00 |
| 712121 | Придонес за ПИО за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништа | 349.060.000,00 | 170.002.304,00 |
| 712122 | Придонес за ПИО за изминати години | 2.925.370.000,00 | 2.223.595.089,00 |
| 712124 | Придонес за ПИО за индивидуални земјоделци | 142.000.000,00 | 153.099.768,00 |
| 712125 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОСМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 0,00 | 145.554,00 |
| 712411 | Придонес за ПИО што го плаќа Агенцијата за вработување на РМ на невработени лица | 6.000.000,00 | 5.931.417,00 |
| 712412 | Придонес за ПИО за боледување над 21 ден од Фондот за здравствено осигурување | 308.820.000,00 | 640.199.434,00 |
| 712413 | Придонес за ПИО што го плаќа ФПИОСМ за корисниците на надоместоците по основ на инвалидност | 1.270.000,00 | |
| 712414 | Придонес за ПИО што го плаќа Центарот за социјални работи и надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете | 1.300.000,00 | 0,00 |
| 712415 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување субвенциониран од Државата | 0,00 | 56.245.588,00 |
| 714 | ДОМАШНИ ДАНОЦИ НА СТОКИ И УСЛУГИ | **1.321.000.000,00** | **1.378.622.316,00** |
| 714212 | Акциза на моторен бензин | 1.321.000.000,00 | 1.378.622.316,00 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | **2.500.000.000,00** | **4.472.552.705,00** |
| 721 | **Претприемачки приходи и приходи од имот** | **0,00** | **490,00** |
| 721311 | Камати од депозити во комерцијални банки | | 490,00 |
| 723 | **Такси и надоместоци** | **26.000.000,00** | **13.325.738,00** |
| 723911 | Закупнини од објекти | 26.000.000,00 | 13.325.738,00 |
| 725 | **Други неданочни приходи** | **2.474.000.000,00** | **4.459.226.477,00** |
| 7259 | Останати неданочни приходи | 2.474.000.000,00 | 4.459.226.477,00 |
| 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | **4.000.000,00** | **8.482.178,00** |
| 734 | **Приходи од дивиденди** | **4.000.000,00** | **8.482.178,00** |
| 734111 | Дивиденда по основ на акции стекнати од трансформацијата | 4.000.000,00 | 8.482.178,00 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | **28.103.113.000,00** | **28.098.207.000,00** |
| 741 | **Трансфери од други нивоа на власт** | **28.103.113.000,00** | **28.098.207.000,00** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 459.000.000,00 | 454.097.000,00 |
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РСМ | 27.644.113.000,00 | 27.644.110.000,00 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 77 | **ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **30.000.000,00** | **30.531.043,00** |
| 771 | **Продажба на хартии од вредност** | **30.000.000,00** | **30.531.043,00** |
| 771212 | Приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 30.000.000,00 | 30.531.043,00 |
| | | | |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **73.372.113.000,00** | **73.122.443.447,00** |
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **73.372.113.000,00** | **73.122.443.447,00** |
| 40 | **Плати, наемнини и надоместоци за вработените** | **250.113.000,00** | **228.814.256,00** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 180.948.000,00 | 164.927.958,00 |
| 402 | Придонес за социјално осигурување од работодавците | 67.665.000,00 | 62.480.433,00 |
| 404 | Надоместоци | 1.500.000,00 | 1.405.865,00 |
| 42 | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **167.661.000,00** | **145.039.718,00** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.880.000,00 | 1.438.690,00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 55.100.000,00 | 49.188.222,00 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 13.900.000,00 | 8.274.787,00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 32.562.000,00 | 29.528.349,00 |
| 425 | Договорни услуги | 35.520.000,00 | 35.112.941,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 28.699.000,00 | 21.496.729,00 |
| 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **46.339.000,00** | **19.584.160,00** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 2.000.000,00 | 300.314,00 |
| 464 | Разни трансфери | 40.086.000,00 | 13.401.842,00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 4.253.000,00 | 5.882.004,00 |
| 47 | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **72.885.000.000,00** | **72.708.394.017,00** |
| 472 | **Плаќања на бенефиции од Фондот на ПИОСМ** | **72.885.000.000,00** | **72.708.394.017,00** |
| 472110 | Плаќања до пензионери од Фондот на ПИОСМ | 55.976.000.000,00 | 55.958.411.373,00 |
| 472210 | Плаќања до инвалидите од Фондот на ПИОСМ | 7.000.000,00 | 3.687.196,00 |
| 472310 | Плаќање по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување | 9.000.000.000,00 | 8.861.556.200,00 |
| 472410 | Придонес за здравствено осигурување на корисниците на пензија | 7.452.000.000,00 | 7.437.426.748,00 |
| 472910 | Исплати за солидарен фонд за починати корисници на пензија | 450.000.000,00 | 447.312.500,00 |
| 48 | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **23.000.000,00** | **20.611.296,00** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 13.000.000,00 | 11.648.180,00 |
| 481 | Градежни објекти | 8.470.000,00 | 7.461.566,00 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0,00 | 0,00 |
| 486 | Купување на моторни возила | 1.530.000,00 | 1.501.550,00 |

Член 3

Извештајот за финансиското работење на Фондот за 2019 година со остварените приходи и извршените расходи е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-1025/1
27.02.2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА УПРАВЕН ОДБОР,
Боро Варошлија

# ИЗВЕШТАЈ

## за финансиското работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2019 година

Со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2019 година, како и Ребалансот на Буџетот за 2019 година, донесен на 10 октомври 2019 година како составен дел на Буџетот на Република Северна Македонија, планирано беше финансиското работење на Фондот да се оствари со избалансирани приходи и расходи. Основ за баланс меѓу приходите и расходите беа макроекономските индикатори за зголемување на приходите од придонесите за 6,5% (4,4% од предвидениот пораст на платите и 2,1% пораст на вработеноста), 18,4% стапка на придонес од плата за пензиско и инвалидско осигурување и обезбедување средства од Буџетот на Републиката за редовните обврски, за транзиционите трошоци и покривање на дефицитот на Фондот. Платите и вработеноста, порастот на истите, како и стапката на придонес од плата за ПИО се најзначаен фактор по кој се пресметува и плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и значајно влијаат за износот на остварените приходи на Фондот.

Со Буџетот на Фондот за 2019 година беше предвидено да се остварат вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 72.527,11 милиони денари. Стручната служба на Фондот редовно ја следеше финансиската состојба и констатира дека во првото и второто тримесечје од 2019 година, планираните приходи се извршуваа во предвидениот обем, а расходите за исплата на пензиите се извршуваа зголемено над планираните средства со Буџетот на Фондот за 2019 година.

Во периодот јануари– септември 2019 година, во реализацијата на приходите и расходите имаше поголемо остварување на планираните приходи и расходи и Фондот имаше вишок на средства во износ од 369,54 милиони денари. Овој вишок на средства се појави како резултат на измените на Законот за капитално финансирано пензиско осигурување каде беше нагласено дека сите

членови во втор столб родени пред 1967 година треба да бидат вратени во прв столб, бидејќи не им е поволно членството во втор столб и за истите е уплатен придонесот и приносот од страна на приватните пензиски фондови. Исто така, за оние членови кои не беа навреме распределени во вториот столб, се распределија во приватните пензиски фондови и за истите се уплати придонес и принос за периодот од кој требало да бидат рапределени во приватните пензиски фондови. Со тоа, се зголемија средствата кои се уплаќаат на приватните пензиски фондови, се јави недостаток на средства во Буџетот на Фондот за уплата на придонесот кон приватните пензиски фондови кои средства се предвидоа со Ребалансот на буџетот за 2019 година донесен во октомври.

Од овие причини, се пристапи кон измена и дополнување на Буџетот на Фондот за 2019 година. Измените и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2019 година почнаа да се применуваат од ноември 2019 година.

Со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2019 година, вкупните приходи и вкупните расходи се зголемија за 845,00 милиони денари и истите се оценија на 73.372,11 милиони денари. Изменувањето на Буџетот за 2019 година во делот на неданочните приходи е со зголемување за 1.980,60 милиони денари, а исто така се зголемени и приходите од продажба на акции и удели за 27,00 милиони денари, а се намали трансферот од буџетот за 62,60 милиони денари и се намалија за 1.110,00 милиони денари приходите од придонеси, додека во делот на расходите зголемени се средствата за задолжително финансирано пензиско осигурување за 815,00 милиони денари, 122,00 милиони денари средствата за придонес за здравство, за 2,253 милиони денари се зголемени срествата за исплата по извршни исправи, 3,00 милиони денари за капитални средства, а за 5,237 милиони денари се намалени средствата за стоки и услуги и 0,014 милиони денари за разни трансфери.

Фондот покрај трансферните средства од Буџетот на Републиката утврдени со Буџетот на Фондот за 2019 година, користеше и дополнителни средства во вид на позајмица, и тоа, само во јануари 2019 година во износ од 450,00 милиони денари, која беше вратена истиот месец и до крај на годината

Фондот обезбедуваше сопствени средства и заедно со делот од Буџетот се вршеше редовна исплата на пензиите во првите денови во месецот.

Во 2019 година вкупните приходи на Фондот без пренесените парични средства од 2018 година (во износ од 1.661,70 милиони денари), изнесуваат 75.915,53 милиони денари и истите се над нивото на планираните приходи (103,47%) со Ребалансот Буџетот на Фондот за 2019 година, а во споредба со 2018 година кога изнесуваа 68.852,47 милиони денари повисоки се за 10,26%. Вкупните расходи на Фондот во 2019 година изнесуваат 73.122,44 милиони денари и истите се на ниво на планираните (99,66%), а во споредба со 2018 година се повисоки кога изнесуваа 68.544,21 милион денари за 6,68%, или за 4.578,23 милиони денари.

Вкупно остварените приходи на Фондот во 2019 година (75.915,53 милиони денари) заедно со пренесените парични средства од 2018 година (1.661,70 милиони денари) изнесуваат 77.577,23 милиони денари, а вкупните расходи изнесуваат 73.122,44 милиони денари. Салдото на паричните средства на 31 декември 2019 година изнесува 4.454,79 милиони денари.

## 1.Вкупни приходи

**Вкупните приходи** на Фондот во износ од 75.915,53 милиони денари се остварени, и тоа: од изворни приходи, средства во износ од 41.927,10 милиони денари или 55,23% од вкупните приходи, средства од Буџетот на Републиката 28.098,22 милиони денари или 37,01%, од акцизи 1.378,61 милион денари или 1,82%, 8,48 милиони денари од приходи од дивиденда или 0,01%, 30,54 милиони денари од продажба на акции и удели или 0,04% и од други приходи 4.472,58 милиони денари, или 5,89%.

**1) Изворните приходи на Фондот односно средствата од придонесите ги сочинуваат, и тоа:**

- **Придонесот од плата** кој во 2019 година се пресметуваше по стапка од 18,4% (од оваа година е зголемен за 0,4%) на бруто исплатената платата е основен и најголем извор за финансирање на Фондот. Вкупните приходи од придонесот од плата, се остварени во износ од 40.356,22 милиони денари и истиот во однос

на планираните со Ребалансот на Буџетот на Фондот, бележи зголемување од 1,14%, или 456,22 милиони денари.

Учеството на придонесот од плата во вкупните приходи изнесува 53,16%. Во 2019 година се наплатени вкупно и 120,05 милиони денари заостанати придонеси и камати по основ на задоцнети плаќања на придонесите за ПИО до 2008 година, а заради зголемената активност на Одделението за наплата на придонеси.

- **Придонесот од доходот** се пресметува од платите на вработените каде стажот на осигурување им се смета со зголемено траење поради тежината на работата која ја извршуваат и условите под кои работат, според утврдени законски стапки во зависност од бројот на месеците кои се сметаат во стаж на осигурување со зголемено трање. Овие приходи во 2019 година изнесуваат 490,26 милиони денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 0,65%. Остварените приходи во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот за 2019 година се зголемени за 1,93%, или во износ од 9,26 милиони денари.

- **Приходите од придонес од плата од физичките лица што вршат дејност и вработени кај нив** се остварени во износ од 921,62 милиони денари и истите се повисоки за 4,14% во споредба со планираните, а како резултат на повеќе обврзници кои го плаќаат придонесот од оваа категорија на обврзници, односно зголемен број на вработени во приватниот сектор. Овие приходи учествуваат во вкупните приходи на Фондот со 1,21%.

- **Приходите од придонесот кои го плаќаат индивидуалните земјоделци** се остварени во износ од 153,08 милиони денари. Кај овие приходи во 2019 година се забележува поголемо зголемување од 7,80% во однос на планираните средства со Буџетот на Фондот, од причина што се зголемува бројот на регистрирани земјоделци. Учеството на овие приходи во вкупните приходи на Фондот изнесува 0,20%.

- **Приходите од Агенцијата за вработување** се дозначуваат по основ на придонесот за невработени лица кои примаат паричен надоместок, но кои имаат

остварено стаж помалку од 15 години. Во 2019 година, по овој основ се дозначени средства во износ од 5,92 милиони денари и истите во споредба со Буџетот за 2019 година во износ 6,00 милиони денари се пониски за 0,08 милиони денари, или се извршени со 98,67%. Овие средства се намалуваат секоја година поради намалувањето на бројот на лицата за кои се плаќа придонес, поради измена на законските прописи да се плаќа придонес само за лицата кои немаат навршено 15 години пензиски стаж. Исто така, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Агенцијата за вработување придонесот за пензиско и инвалидско осигурување го пресметува и плаќа по стапка од 18,0% на нето, наместо на бруто основица, истиот го пресметува на надоместокот (не на основицата од која е пресметан надоместокот). Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,01%.

**2. Приходите од акцизите** се даночни приходи кои се остваруваат како дел од приходите од акциза остварени од продажба на нафтени деривати. Во 2019 година остварени се во износ од 1.378,61 милион денари и истите во вкупните приходи учествуваат со 1,82%. Овие приходи се пресметуваат по стапка од 9,18% од акцизата на нафтените деривати. Истите се повиски за 4,36% во однос на планираните средства.

**3. Трансферните средства од Буџетот на Републиката** се остварени во износ од 28.098,22 милиони денари, и тоа за следните намени:

- 3.000,00 милиони денари за исплата на редовните обврски остварени под поповолни услови, воени и минимални земјоделски пензии и друго;

-15.644,11 милиони денари за покривање на тековниот дефицит на Фондот;

-9.000,00 милиони денари за транзициони трошоци;

-454,11 милиони денари од Министерството за одбрана, а се однесуваат за исплата на пензиите остварени според Законот за АРМ.

Остварените средства од Буџетот на Републиката се извршени во износ 99,98% со планираните средства со Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Фондот. Учеството на приходите од Буџетот на Републиката во вкупните приходи на Фондот изнесува 37,01%. Средствата од Буџетот на Републиката е втор по

големина приход и преставува значајна ставка во финансирањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Во 2019 година средствата од Буџетот на Републиката редовно се дозначуваа пред исплатата на пензиите според пресметките на Фондот и имаа значајно влијание врз ликвидноста на Фондот, што овозможуваат редовна исплата на пензиите во воспоставените рокови.

4. **Приходите од дивиденда и од продажба на акции и удели** во 2019 година се остварени во износ од 39,02 милиони денари, и тоа:

- **од дивиденда** се остварени средства во износ од 8,48 милиони денари и изнесуваат 212,00% од планираните средства со Буџетот за 2019 година,

- **од продажба на акции и удели** во 2019 година се остварени средства во износ од 30,54 милиони денари и се остварени повеќе од планираните со Ребалансот на Буџетот за 2019 година, односно за 1,8%, како резултат на заинтересираност за купување на акции од Фондот од поедини акционерски друштва.

5. **Од другите приходи** остварени се средства во износ од 4,472,58 милиони денари и истите се зголемени и изнесуваат 178,90% од планираните средства со Буџетот за 2019 година. Другите приходи се однесуваат, и тоа: 3.388,42 милиони денари вратен придонес по Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осогурување, 966,40 милиони денари вратен принос по задолжително финансирано пензиско осигурување, 13,33 милиони денари од приходи од закупнина, 23,19 милиони денари од надомест и отштета, 6,37 милиони денари од вратени пензии од странство, 54,22 милиони денари од приходи остварени од минат период, 1,70 милиони денари од вратени девизи од пензии во странство, 0,04 милиони денари од вратени средства од приватни фондови, 0,29 милиони денари вратени средства од Солидарен фонд, 9,53 милиони денари од камати по основ на ненавремени плаќања на придонес од ПИО, 0,15 милиони денари оштетно побарување од Србија, 7,93 милиони денари надомест од приватни фондови за вршење на дејноста на Фондот и 1,01 милион денари од останати приходи.

Остварените средства по видови на приходи се следните:

| Ред. Број | Вид на приход | Ребаланс на Буџет за 2019 год. | Остварено I-XII 2019 | Индекс 3:2 |
|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Придонес од плата | 39.900,00 | 40.356,22 | 101,14 |
| 2 | Придонес од доход | 481,00 | 490,26 | 101,93 |
| 3 | Приватен сектор | 885,00 | 921,62 | 104,14 |
| 4 | Индивидуални земјоделци | 142,00 | 153,08 | 107,80 |
| 5 | Приходи од Агенцијата за вработување | 6,00 | 5,92 | 98,67 |
| | **Вкупно придонеси** | 41.414,00 | 41.927,10 | 101,24 |
| 6 | Приходи од акцизи | 1.321,00 | 1.378,61 | 104,36 |
| 7 | Трансфер од Буџет на Републиката | 28.103,11 | 28.098,22 | 99,98 |
| 8 | Други приходи | 2.500,00 | 4.472,58 | 178,90 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 4,00 | 8,48 | 212,00 |
| 10 | Приходи од продажба на хартии од вредност | 30,00 | 30,54 | 101,8 |
| | **Вкупни приходи** | 73.372,11 | 75.915,53 | 103,47 |

Структурата на приходите е дадена во следниот графикон



Според дадената структура, најголемо е учеството на придонесот од плати од 53,16%, втор по големина е трансферот од Буџетот на Републиката со учество од 37,01%, или по двата основа учеството изнесува 90,17%, додека од сите други приходи учеството изнесува 9,83%.

## II. Вкупни расходи

**Вкупните извршени расходи на Фондот** во 2019 година изнесуваат 73.122,44 милиони денари и истите во однос на Буџетот изнесуваат 99,66%.

Расходите во Буџетот на Фондот за 2019 година се однесуваат, и тоа, за: исплатата на пензиите, трансферот на средства за приватнте пензиски фондови, надоместокот за телесно оштетување, надоместоците од инвалидското осигурување и интернатско сместување на деца инвалиди, придонесот за здравствено осигурување, трошоците за бањско - климатска рекреација на пензионерите и превоз, надоместокот на Стручната служба на Фондот, другите трошоци, капиталните расходи, реконструкцијата на деловните објекти на Фондот и набавка на моторно возило.

1. **Расходите за пензии** изнесуваат 56.318,10 милиони денари, или 76,76% во однос на вкупните расходи, а во однос на планираните средства со Буџетот, извршувањето изнесува 99,96%.

Расходите за пензии се однесуваат, и тоа: 55.980,93 милиони денари, или 99,40% за исплата на редовните пензии во и надвор од Републиката; 15,71 милион денари, или 0,03% за исплата на минималните земјоделски пензии и 321,46 милиони денари, или 0,57% за исплата на воените пензии.

1.1. Расходите за редовните пензии од работничко осигурување 55.980,53 милиони денари се под рамките на планираните 100,00%. Зголемувањето на расходите за пензии во однос на 2019 година се должи на усогласувањето на пензиите од 0,70% од јануари и 0,40% од јули 2018 година. На зголемувањето на расходите за пензии, влијание имаат и промените кои настануваат во износите

на пензијата со приливот и одливот на корисниците на пензија, како и приливот на нови корисници на пензија по стапка од 2,19% во споредба со 2018 година.

1.2. Расходите за исплата на пензиите за минималните земјоделски пензии изнесуваат 15,71 милион денари и истите се во износ од 65,45% во однос на планираните, поради намалување на бројот на корисниците на пензија. Бројот на корисници на пензија со состојба на 31.12.2019 година изнесува 151 и истиот во однос на 2018 година (215) е намален за 64 корисници, или е 70,23%.

1.3. Расходите за исплата на воените пензии изнесуваат 321,46 милиони денари и истите се помали од планираните средства за 5,45%. Бројот на корисници на воена пензија изнесува 1.184 корисници и истиот во однос на 2018 година (1283) е намален за 99 корисници, или е 92,28%.

**Бројот на корисниците на пензија, со состојба на 31 декември 2019 и 2018 година изнесува:**

| Реден број | Вид на пензија | 31.12.2018 | 31.12.2019 | Индекс 2019/2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Старосна пензија | 204.455 | 212.941 | 104,15 |
| 2 | Инвалидска пензија | 35.645 | 34.217 | 95,99 |
| 3 | Семејна пензија | 75.680 | 75.546 | 99,82 |
| | **Вкупно** | **315.780** | **322.704** | **102,19** |
| 4 | Воени пензии | 1.283 | 1.184 | 92,28 |
| 5 | Земјоделски пензии | 215 | 151 | 70,23 |
| | **Вкупно** | **317.278** | **324.039** | **102,13** |

Вкупниот број на корисници на пензија од работничко осигурување во 2019 година во споредба со 2018 година, е зголемен за 2,19%, а заедно со минималните земјоделски и воени пензии, зголемувањето изнесува 2,13%, поради намалување на корисниците на минималните земјоделски и воени пензии.

Структурата на бројот на корисници на пензија е дадена во следниот графикон:




Во рамките на вкупниот број на корисници на пензија, најголем е бројот на корисниците на старосна пензија, или 212.941 корисник, што претставува повеќе од половина од бројот на корисници на пензија (65,71%), корисниците на семејна пензија изнесуваат 75.546 корисници со учество од 23,31%, на инвалидска пензија 34.217 корисници и со учество од 10,56%, на воените пензии 1.283 корисници и учество од 0,37% и на минималните земјоделски пензии 151 корисник и учество од 0,05%.

Пораст на бројот на корисниците на пензија во 2019 година е остварен кај корисниците на старосна пензија, и тоа од 4,15%, додека кај корисниците на семејна пензија има намалување за 0,18%, кај корисниците на инвалидска пензија има намалување од 4,01%, додека кај воените и земјоделските пензионери има поголемо намалување. Во зголемувањето од 4,15% на корисниците на старосна пензија, влијание има зголемениот број на поднесени и решени барања за остварување на право на старосна пензија, односно исполнувањето на условите за стекнување на правото за пензија и пренесување на дел од осигурениците од втор во прв столб, согласно измените на Законот за пензиското и инвалидското

осигурување, каде сите осигуреници родени до 1967 година се членови само на првиот столб од пензиското осигурување.

**Просечните пензии** (од работничко право) по видови на пензии, во декември 2019 година изнесуваат, и тоа:

| Вид на пензија | 2019 година |
|---|---|
| Старосна пензија | 15.849 |
| Инвалидска пензија | 13.167 |
| Семејна пензија | 11.638 |
| **Просечна пензија од работничко право** | **14.579** |
| Земјоделска пензија | 7.236 |
| Воена пензија | 21.891 |
| **Просечна пензија од сите корисници на пензија** | **14.602** |

Просечниот износ на пензија (од работничко осигурување), во декември 2019 година изнесува 14.579 денари и е резултат на извршеното усогласување на пензиите од јануари 2019 година со 0,7% и од јули со 0,4%, како и на висината на пензиите на новите корисници на пензија и на корисниците на кои им престанува правото.

Вкупната просечна пензија со воените и минималните земјоделски пензии во декември 2019 година изнесува 14.602 денари, и тоа: 15.849 денари од старосна пензија, 13.167 денари од инвалидска пензија и 11.638 денари од семејна пензија, 7.236 денари од земјоделска и 21.891 денар од воени пензии.

Учеството на вкупната просечна пензија исплатена за декември 2019 во просечната плата (26.836 денари за декември 2019 година), изнесува 54,41%.

**2. Расходите за плаќање на придонесите на членовите во приватните пензиски фондови** изнесуваат 8.861,58 милиони денари. Овие расходи се извршени на ниво од 98,46% во однос на планираните средства со Ребалансот на Буџетот на Фондот и извршени пренамени на средства на поодделни сметки.

Бројот на осигурениците -членови во приватните пензиски фондови, на крајот на 31.12.2019 година, изнесува 507.556 членови, или повеќе за 18.521 член, или 3,58%, поради задолжителното зачленување во приватните пензиски фондови на сите нововработени кои ги исполнуваат условите да бидат членови во вториот столб. Согласно измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Законот за капитално финансирано пензиско осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 245 од 28.12.2018 година) и неговата имплементација во 2019 година, Фондот ги презема сите обврски по истите и сите ненавремено распределени членови во втор столб заклучно со 31.12.2018 година, ги распредели и за истите во првото полугодие се пренесоа средства за придонес и принос кон приватните пензиски фондови за периодот од кога требало да бидат распределени. Пренесени се средства во износ од 1.080.701.102,00 денари за 14.034 членови кои преминуваат во вториот столб. Исто така, Фондот уплати и 29.959.494,00 денари за 60 членови кои изјавиле дека го продолжуваат членството во приватните фондови. Од приватните пензиски фондови се трансферирани 16.645 членови во прв столб, задолжително по основ на закон, а биле членови на втор столб и 4.817 членови кои доброволно со право на изјава се изјасниле во 2019 година дека го прекинуваат членството во вториот пензиски столб согласно законот. Расходите за плаќање до приватните пензиски фондови изнесуваат 12,22% од вкупните расходи на Фондот.

**3. Расходите за паричен надоместок за телесно оштетување** изнесуваат 87,67 милиони денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 0,12%. Паричен надоместок се исплаќа на 9.597 корисници (1.803 корисници со единствено право и 7.794 корисници со остварено право на пензија).

**4. Расходите за надоместоците за правата од инвалидското осигурување** изнесуваат 3,66 милиони денари. Надоместоците од инвалидското осигурување во 2019 година во споредба со планираните средства со Буџетот на Фондот се извршени со 52,28%.

**5. За интернатско сместување на деца инвалиди** во 2019 година се потрошени средства во износ од 0,23 милиони денари и истите се пониски со планираните средства со Буџетот на Фондот.

**6. За придонесот за здравствено осигурување** на корисниците на пензија, во 2019 година се исплатени средства во износ од 7.437,42 милиони денари, или 10,17% во однос на вкупните расходи и е на ниво на планираните средства од 99,8% со Буџетот на Фондот за 2019 година. Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, стапката на придонес изнесува 13,0% на исплатените пензии. Треба да се напомене дека 252,99 милиони денари остана неплатен придонес за здравствено осигурување од 2018 година и како обврска се пренесе и се плати во јануари 2019 година, а 108,59 милиони денари се пренесе за плаќање во 2020 година и истиот е платен во месец јануари 2020 година.

**7. Платите на вработените во Стручната служба на Фондот и надоместоците** во 2019 година изнесуваат 228,82 милиони денари, или 0,31% во однос на вкупните расходи. Извршените расходи за платите на вработените на Стручната служба се под нивото на планираните средства, а упразнетите места на пензионираните работници од Фондот, не се пополнети.

**8.Трошоците за бањско -климатска рекреација и превоз** на корсниците –пензионери, се извршени во износ од 11,81 милион денари, а беа предвидени 38,00 милиони денари и истите се намалени поради тоа што беше намален бројот на заинтересирани лица, бидејќи многу од нив користеле во претходните години и сега немаа право да користат вакви бенефиции. Да напоменеме дека оваа обврска беше дадена на Фондот со Одлука на Владата и за истата беа посебно обезбедени средства во Буџетот.

**9. Другите расходи** во 2019 година се извршени во износ од 152,55 милиони денари, или 0,21% во однос на вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните се извршени со 90%. Извршените трошоци се однесуваат, и тоа: 49,19 милиони денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; 8,27 милиони денари за канцелариски материјал, средства за хигиена и материјали

за АОП, 29,53 милиони денари за поправки и сервисирање на софтверска и друга опрема, на возила, како и за тековно одржување на деловните објекти, 35,11 милиони денари за банкарска провизија, за плати за вработени по договор на дело, за персонален данок за договор на дело, за услуги за копирање и печатење на материјали, плаќање на судски такси, за осигурување на недвижности и права и друго; 21,49 милиони денари за други тековни расходи (за репрезентација, за микрофилмување на податоци за стажот на осигурување и платите во Матична евиденција во Фондот, 1,44 милиони денари за патни расходи и 7,52 милиони денари за исплати по извршни исправи и за трансфер при пензионирање, посмртнини и друго.

10. **Капиталните трошоци** се извршени во износ од 11,64 милиони денари кои во споредба со планираните средства за оваа намена (во износ од 13,00 милиони денари) се извршени со 89,54%. Во 2019 година овие средства се потрошени за купување на софтверска, информатичка и канцелариска опрема.

11. **Трошоците за реконструкција на деловните објекти** се извршени во износ од 7,46 милиони денари. Со Буџет беа предвидени 8,47 милиони денари, и тоа за реконструкција на објектите во Струмица, Велес, Крива Паланка и Централа – Скопје во износ од 3,50 милиони денари, како и во домовите за живеење на корисниците на пензија во Гостивар, Аеродром и Крива Паланка во износ од 3,96 милиони денари.

12. **Набавка на моторни возила** е извршена за потребите на Стручната служба на Фондот, бидејќи Фондот немаше соодветно возило за превоз на службени лица и за превоз на кацелариски и други материјали до филијалите и деловниците низ Републиката. Набавката е извршена за износ од 1,50 милиони денари во рамки на предвидените средства, а набавени се патничко возило и пикап за комбиниран превоз марка Пежо.

Вкупните расходи на Фондот се дадени во следната табела:

| Ред. Број | Вид на расход | Буџет за 2019 год. | Остварено I-XII 2018 | Остварено I-XII 2019 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Вкупно пензии и телесно оштетување | 56.431,20 | 54.314,21 | 56.405,77 | 99,95 | 103,85 |
| 2 | Плаќ.по основ на задол.кап.осиг. | 9.000,00 | 7.007,81 | 8.861,58 | 98,46 | 126,45 |
| 3 | Надоместоци од инвалидско осигурување | 7,00 | 3,77 | 3,66 | 52,29 | 97,08 |
| 4 | Придонес за здравствено осигурување | 7.452,00 | 6.827,33 | 7.437,42 | 99,80 | 108,94 |
| 5 | Плати и надоместоци | 250,11 | 232,19 | 228,82 | 91,49 | 98,55 |
| 6 | Други расходи, бањи и превоз, капитални трошоци, реконструкција на деловни објекти и возила | 231,80 | 158,89 | 185,19 | 79,89 | 116,55 |
| | Вкупни расходи | 73.372,11 | 68.544,20 | 73.122,44 | 99,66 | 106,68 |

Структурата на вкупните расходи на Фондот е следната




Во структурата на вкупните расходи најголемо е учеството на расходите за пензиите и телесно оштетување од 77,14%, за расходот за придонесот за здравствено осигурување е 10,17%, или учеството на бруто -пензиите во вкупните расходи изнесува 87,31%. Другите расходи учествуваат, и тоа: 12,12% од плаќањата

по основ на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, 0,01% од паричните надоместоци од инвалидско осигурување, 0,31% од платите за вработените и надоместоците и 0,25% од другите расходи.

## III. Финансиски резултат

Во 2019 година, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 75.915,53 милиони денари и вкупни расходи од 73.122,44 милиони денари, или вишок на приходи во износ од 2.793,09 милиони денари. Со пренесените парични средства од 2018 година од 1.661,70 милиони денари, салдото на паричните средства на 31.12.2019 година изнесува 4.454,79 милиони денари.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Севрена Македонија и Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, Фондот во целост и навремено ги изврши сите активности согласно законот, односно редовна и навремена исплата на пензиите во првата недела од месецот, како и придонесите за здравство за корисниците на пензија и трошоците на Стручната служба.